РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Примено: 02. 06. 2015
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
Уп1-бр. 1605 | 275 | 10 | —

*Трговско радио дифузно друштво*
***ИМПЕРИЈА САТ ДООЕЛ Чашка***
***Ул.Тодор Јанев 3 Чашка***
*тел:078/492-014*
*жиро с-ка:250014000317795 депонент Шпаркасе банка*
*матичен бр:6330940*

---

# ДОГОВОР

**За засновање на претплатнички однос за обезбедување на пристап кон јавна комуникациска мрежа и користење на радио и телевизиски програми преку кабелски дистрибутивен систем**

## ДОГОВОРЕНИ СТРАНИ

1. Трговско радио дифузно друштво, Оператор на кабелска мрежа "Империја Сат" ДООЕЛ Чашка со седиште на Ул.Тодор Јанев бр.3 Чашка застапуван од управител Драган Адамчевски(во понатамошниот текст Кабелски оператор).
2. Физичко лице

____________________име и презиме,стан на Ул.____________ адреса, со ЕМБГ________________ со лк.бр______________ со бр.тел____________ со е-меил_________________ со претплатнички број____________ (во понатамошниот текст: Корисник).

3.Правно лице

____________________(назив) со седиште на ______________ со ЕДБ_______________ со ЕМБС_________________ со број на ж-ка_________________ депонент___________________ банка со е-маил______________(во понатамошниот текст: Корисник).

Претплатникот е:

а) Согласен за достава на писменото во електронска форма

б) Не е согласен за достава на писменото во електронска форма

## I ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на договорот е уредување на правата и обврските на договорените страни кои произлегуваат од склучувањето на овој Договор.

## II ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Цел на договорот е засновање на претплатнички однос за обезбедување на пристап на корисникот кон јавна комуникациска мрежа и користење на радио и телевизиски програми преку кабелски дистрибутивен систем под услови утврдени со овој договор, Законот за електронски комуникации, Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користење на јавни комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува АЕК како и закони и прописи донесени врз основа на нив.

## III НАЧИН НА ЗАСНОВАЊЕ НА ПРЕТПЛАТНИЧКИ ДОГОВОР

Член 3

Барањето за склучување на претплатнички договор се доставува на начин и образец пропишан од страна на операторот, во кој се наведени сите потребни документи кои барателот е должен да му ги достави на операторот

По поднесеното барање за склучување на претплатнички договор, операторот треба да испита дали има техничка можност за да ги обезбеди услугите со квалитет дефинирани во неговата понуда

Операторот треба во рок од 24 часа во пишана форма да го извести подносителот на барањето за постоењето, односно не постоењето на техничка можност со наведување на причините за одбивање на барањето..

Операторот може да одбие барање за склучување на претплатнички договор во следните случаи:

-доколку барателот има неподмирен долг спрема операторот

-доколку утврди дека барателот не поседува платежна способност;

-доколку барателот не ги достави сите потребни документи и

-доколку постојат ограничувања кои се во врска со капацитетот и техничките можности на операторот

По добиено известување за постоење на техничка можност операторот во рокот од 24 часа склучува со претплатникот претплатнички договор, при што претплатничкиот однос се смета за заснован од денот на склучување на претплатничкиот договор. Операторот треба да ги активира услугите кои се предмет на овој договор на денот на склучување на договорот.

## IV ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРЕНИТЕ СТРАНИ

Член 4

Кабелскиот оператор се обврзува да изврши приклучување на корисникот кон кабелската мрежа со што на корисникот ќе му овозможи прием на минимум __ РТВ програми кои се пренесуваат преку истата, непрекинато дваесет и четири часа (24) дневно.

Приклучувањето на корисникот кон кабелската мрежа се врши од страна на стручни лица на Кабелскиот оператор.Операторот ќе ги активира услугите кои се предмет на претплатничкиот договор на денот на склучувањето на претплатничкиот договор од кога и започнува плаќањето за активираните услуги кои се предмет на претплатничкиот договор.Корисникот се обврзува дека ќе се грижи за опремата инсталирана на неговиот имот со внимание на добар домаќин , а во случај на оштетување, должен е да ја надомести настаната штета.

Операторот се обврзува да обезбеди квалитет на комуникациските услуги определено со ЗЕК,Правилникот и позитивните законски прописи односно квалитетот на сигналот кој го емитува операторот до крајниот корисник треба да изнесува од 50-60 децибели.

За да може корисникот квалитетно да ги гледа сите телевиизиски канали кои се пренесуваат преку кабелката мрежа, потребно е да поседува ТВ приемник со можност за прием за таканаречените “С“ и “Хипербанд“ канали, како и електрично напојување со прописно заземјување.

Кабелскиот оператор се обврзува дека по извршување на работите околу приклучокот, ќе обезбеди редовно одржување на мрежата. Доколку настане дефект на мрежата Кабелскиот оператор е должен да пристапи кон отстранување на дефектот во рок од 3 часа од неговото настанување.

. Кабелскиот оператор не сноси одговорност за евентуалниот пренос на дефект на мрежата предизвикан од страна на трето лице или виша сила.При невреме (грмотевица) се препорачува атенскиот приклучок да биде извaден од ТВ приемникот.

Кабелскиот оператор се обврзува да обезбеди телефонска подрашка за проблемите кои настануваат во текот на користење на кабелската телевизија, бројот на грижа на корисниците е 078/492-014.Операторот има обврска да им даде целосна информација за бројот 190 на Контакт центар на Агенцијата за електронски комуникации каде што корисниците можат да добијат информации како да ги остварат своите права.

Личните податоци добиени од претплатникот операторот се обврзува дека нема да ги злоупотреби на било каков начин,а истите можат да се користат само за:

-склучување,надзор и престанок на претплатнички договори

-наплата на услугите

-подготовка и издавање на телефонски именици согласно со ЗЕК

-други цели согласно со ЗЕК,а врз основа на добиена согласност од пртплатникот

При раскинување на претплатничкиот договор,податоците на претплатникот се чуваат за период од една година од денот на издавање на последната сметка на претплатникот за обезбедената услуга.
Операторот се обврзува да го ослободи претплатникот од плаќање на дел од месечната претплата доколку дојде до привремен прекин на пристапот настанат не по вина на корисникот за износ пропорционален на прекинот,доколку прекинот траел подолго од 3 часа.Во овој случај операторот нема да сноси одговорност за било каква индирекна штета причинета на корисникот.

Член 5

Операторот има право да наплатува месечен надомест од корисниците за користење на услугите.Операторот има право поради не навремено плаќање на месечната претплата да изврши исклучување на претплатничката линија на корисникот
Операторот има право да ги менува условите утврдени со претплатничкиот договор по претходно известување на претплатникот. Операторот има обврска да го извести претплатникот во рок кој не може да биде пократок од 30 (триесет) дена пред воведување на измените. Известувањето ќе ги содржи сите предложени измени во условите наведени во договорот, како и правото претплатникот во истиот период, односно во рок кој не може да биде пократок од 30 дена од денот на известувањето, без последици да може да го раскине договорот доколку не се согласува со предложените измени.
Операторот има право без претходно предупредување и известување да го исклучи корисникот од мрежата доколку корисникот предизвикува голема материјална или оперативна штета на операторот

Член 6

Корисникот има обврска да овозможи непречен пристап на лица овластени од Кабелскиот оператор (кои претходно ќе се легитимираат) во своите простории/станот во кои ќе се врши монтажа, преглед или мерење на кабелската мрежа и да не го попречуваат спроведувањето на кабелот од Кабелскиот оператот од својот до соседниот објект.
Корисникот се обврзува дека нема да врши самостојно отстранување на евентуалните дефекти на кабелската мрежа и дека нема да врши било какви дејства врз опремата на кабелската мрежа дури и ако биде исклучен од неа, како и да известува за евентуалните оштетувања на мрежата. Доколку постои спротивно, должен е да ја надомести штетата.
Корисникот се обврзува деке приклучокот не смее да го отстапува на друго лице или дозволи неовластено приклучување на кабелската мрежа.Во случај тоа да се стори ќе биде трајно исклучен од кабелската мрежа без враќање на уплатените средства.

Корисникот не смее да приклучи друг корисник и ТВ приемник на свој приклучок, ниту својот приклучок може да го продаде, односно да го отстапи на трето лице. Доколку дојде до промена на сопствениот стан, корисникот е должен веднаш да го извести Кабелскиот оператор за настанатата промена. Во тој случај корисникот е должен да ги подмири сите доспеани обврски кон Кабелскиот оператор за кои е издадена сметка. Доколку новиот сопственик на станот (односно објектот) сака да ги користи услугите на Кабелскиот оператор се склучува нов договор без надоместок за приклучена такса

Член 7

Корисникот има право на непречено, ефикасно и навремено со договорениот квалитет да ги добива договорените обврски.

Претплатник има право до операторот да поднесе приговор во врска со обезбедувањето на услугите, приговор на износот со кој е задолжен за обезбедената услуга, приговор за квалитетот на обезбедената услуга, како и приговор поради повреда на одредбите од склучениот договор за приклучок и користење на јавна комуникациска мрежа и/или јавно достапни електронски комуникациски услуги.

Приговорот корисникот го поднесува до операторот во пишана форма и во електронска доколку постои согласност . Приговорот мора да ги содржи фактите и доказите на кои се заснова.

Претплатникот може да го поднесе приговорот во рок од 15 дена од денот на настанатата повреда.

Во случај на поднесување на приговор операторот мора да го провери износот на кој е задолжен претплатникот или квалитетот на обезбедената услуга, па врз основа на извршената административна и/или техничка проверка да го потврди износот или квалитетот на обезбедената услуга. Во случај на одбивање на приговорот како неоснован, операторот е должен на претплатникот да му издаде потврда за извршената проверка со точно и прегледно наведени елементи од административната и/или техничката проверка. Операторот во целост е одговорен за вистинитоста на сите наводи дадени во потврдата.

Доколку претплатникот поднесе приговор до операторот, а потоа и барање за решавање на спор пред Агенцијата, во врска со износот на сметката, операторот не смее да го остави претплатникот без услуга сé до донесување на конечна одлука, а претплатникот е должен да го плати износот на месечната претплата во определениот рок. Доколку претплатникот не го плати износот на месечната претплата во определениот рок, операторот има право да го раскине договорот.

Доколку операторот веќе му го прекинал обезбедувањето на услугата на претплатникот или ја исклучил претплатничката терминална опрема од електронската комуникациска мрежа, пред тоа од претплатникот или од Агенцијата да примил известување дека е започната постапка за решавање на спор е должен без одлагање и без надоместок повторно да започне и да го продолжи обезбедувањето на услугата до крајот на постапката за решавање на спор пред Агенцијата, освен во случај кога претплатникот го раскинал договорот.

Доколку се утврди дека операторот ги повредил одредбите од склучениот договор или неоправдано му го прекинал обезбедувањето на услугата на претплатник кој поднел приговор поради повреда на одредбите од склучениот договорили приговор

за неоправдан прекин во обезбедувањето на услугата, претплатникот им право да го раскине договорот без надоместок, како и право на поврат на сите неоправдано наплатени парични средства.

Операторот е должен на претплатникот да му достави одговор во писмена форма заедно со документите која што ја докажуваат основаноста или неоснованоста на поднесениот приговор во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот.

Доставата на одговорот на приговорот се врши на следниве начини

- со предавање од страна на операторот лично на претплатникот
- по пошта со препорачана пратка и повратница
- по електронски пат доколку има согласност од страна на претплатникот

Доколку претплатникот не е задоволен од донесената одлука по приговорот има право во рок од 15 дена од денот на приемот на истиот до Агенцијата да достави барање зарешавање на спор. Доколку операторот не постапи по приговорот во горе наведениот рокот , претплатникот има право до Агенцијата да достави барање за решавање на спор во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот до операторот.

## IV НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 8

Корисникот се обрзува по извршеното приклучување на кабелската мрежа, на Кабелскиот оператот да му исплати паричен надомест за:

- Месечен надоместок (претплата) од _______ денари;
- Приклучивање на дополнителни ТВ приемници во истиот стан во износ од _____ денари.

Корисникот се обврзува дека месечниот надоместок ќе го уплаќа редовно во просториите на кабелскот оператор од 1-ви до 15-ти во месецот за тековниот месец на име на месечана такса (претплата), претходо доставена сметката до 10 –ти за тековниот месец

Кабелскиот оператор го задржува правото за промена на висината на месечниот надоместок во зависно на пазарните услови.

Член 9

Доколку корисникот не го уплати месечниот надоместок во рок утврден во член 8 од овој Договор, Кабелскиот оператор писмено ќе го предупреди корисникот, при што ќе му определи рок во кој е должен да го уплати долгот. Доколку корисникот не го уплати дологот и во дополнително определениот рок, истиот ќе биде исклучен.. За повторно вклучување кон кабелската мрежа освен заостанатиот долг, корисникот треба да ги сноси и трошковите кои се направени за негово исклучување и за повторно приклучување кој ги определува Кабелскиот оператор.

## V ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 10

Овој договор се склучува на времетраење од :

а) 12 месеци

б) 24 месеци

Договорот стапува на сила од денот на неговото потпишување.

Операторот во рок не пократок од 30 дена пред истекот на времетраењето на договорот има обврска писмено да го извести корисникот дека договорот престанува да важи поради истекот на времето за кој е склучен.
Известувањето треба да содржи
-Име или назив на корисникот
-адреса или седиште на корисникот
- Претплатнички број
- Број на претплатнички договор
- Информација за денот кога договорот престанува да важи

## VI РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 11

Претплатникот може да го раскине претплатничкиот договор со операторот во секое време по претходно доставено барање за раскинување на претплатнички договор.Барањето се доставува до операторот во пишана форма или во електронска доколку постои согласност.Барањето треба да ги содржи најмалку следниве податоци

- име или назив на претплатникот;
-матичен број за физички лица и даночен и регистарски број за правни лица;
-адреса на претплатникот;
-електронска комуникациска услуга (тарифен модел/ пакет/ претплатнички број и др) и
-датумот на раскинување на претплатничкиот договор, кој не може да биде пократок од 5 дена од денот на поднесување на барањето
Договорот се смета за раскинат од денот наведен во писменото барање
Операторот не треба да одбие раскинување на претплатнички договор по барање на претплатник.
Доколку претплатничкиот договор се склучува со задолжително времетраење претплатникот може да го раскине истиот без да му бидат наплатени казнени пенали за предвремено раскинување на договорот, само во случај кога операторот

не ги исполнува обврските предвидени во претплатничкиот договор. Во овој случај барањето покрај горенаведените податоци треба да содржи и причини за предвремено раскинување на преетплатничкиот договор.
Претплатникот и по раскинувањето на претплатничкиот договор ќе биде одговорен за плаќање на сите трошоци кои биле направени од негова страна, а кои евентуално се фактурирани со задоцнување или се фактурирани, а не се платени од страна на претплатникот.
При раскинување на претплатничкиот договор, претплатникот треба да ги врати комуникациските средства во сопственост на операторот во исправна состојба, која ја утврдува операторот при преземањето на средствата.Корисникот е должен да плати 5000 ден. трошоци направени за негово предвремено исклучување.
Кабелскиот оператор може да го раскине договорот и поради ненавремено плаќање на обврските на корисникот спрема операторот.
Операторот ќе му го раскине договорот на корисникот во рок од 10 дена од денот на настанување на договорните обврски од страна на корисникот.

.

Член 12

Операторот може да го раскине договорот пред истекот на времето за кој е склучен во следниве случаеви
- Поради повреда на условите наведени во претплатничкиот договор
- Во случај на смрт на претплатникот, доколку правото за користење на услугата не е пренесено на друго лице во рок од шест месеци;
- Кога со судска одлука претплатникот се брише од соодветниот регистар;
- Во случај на стечај или ликвидација, или неликвидност на претплатникот, доколку правото за користење на услугата не е пренесено на друго лице во рок определен од страна на операторот;
- Во случај на користење и злоупотреба на услугите од страна на претплатникот за цел спротивна на Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него и други закони и прописи констатирани од страна на надлежен орган;
- Доколку операторот не е во состојба да ги обезбедува услугите поради дејство на виша сила подолго од три месеци

Член13

Во случај на спор на овој Договор ќе решава надлежниот суд во Велес.

Член 14

Овој Договор е составен во два (2) еднобразни примероци од кои по еден е за секој од договорените страни.Договорот стапува на сила со денот на попишувањето.

| КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОР | КОРИСНИК |
| --- | --- |
| ______________________ | ______________ |

минимален број на програми
Листа на канали на трд Империја Сат,Чашка

1
2
3
4
5
6
7
8
9
10
11
12
13
14
15